АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 22-12-2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 4637 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар
3. **Датум на извршување на надзорот:** 22 декември 2020 година
4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*
5. **Претходно изречена мерка:** /
6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.
7. **Образложение:** При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар во 2019 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2019 година, вкупниот број на вработени во оваа телевизија изнесувал четири лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани две лица. Поради тоа, на 06.10.2020 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3690/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што на 10.12.2020 година и на 21.12.2020 година ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар ги достави во Агенцијата („Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 01.12.2020 година, издаден од Агенцијата за вработување на Р.С. Македонија, и три договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и три физички лица), е видно дека во телевизијата се вработени вкупно шест лица, од кои три со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***